**Уп. бр. 08-77/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Перутнина Птуј ДОО Словенија со регистрирано седиште на Потрчева Цеста 10, 2250 Птуј, Словенија доставено преку, Адвокатско Друштво Папазоски и Мишев од Скопје, на седницата одржана на ден 10.06.2026 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Перутнина Птуј ДОО Словенија со регистрирано седиште на Потрчева Цеста 10, 2250 Птуј, Словенија има намера да стекне целосна сопственост и контрола над Перутнина Птуј Албанија СХПК Руга.Папа Ѓон Пали II, со регистрирано седиште на ул.Ndertesa Nr.12, Kati 11, zyra nr.1100, Тирана, Албанија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 27.04.2026 година, дополнето на ден 12.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Перутнина Птуј ДОО Словенија со регистрирано седиште на Потрчева Цеста 10, 2250 Птуј, Словенија со која Перутнина Птуј ДОО Словенија има намера да стекне целосна сопственост и контрола над Перутнина Птуј Албанија СХПК Руга.Папа Ѓон Пали II, со регистрирано седиште на ул.Ndertesa Nr.12, Kati 11, zyra nr.1100, Тирана, Албанија по пат на стекнување на удел.

Комисијата започна со испитување на известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Перутнина Птуј ДОО е друштво со долгогодишно искуство во живинарската индустрија и врши активности на производство и продажба на производи од месо од животни, живинска храна и производи.

Освен активностите со производство и продажба на производи од живинарската индустрија, други друштва од групацијата на Перутнина Птуј ДОО опфаќаат и консултантски дејности.

Групацијата на Перутнина Птуј ДОО е присутна на пазарот во Република Северна Македонија преку Перутнина Птуј ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Столтенбергова бр. 4, ламела Б лево, влез 1, бр. 7, Центар, Скопје;

Перутнина птуј Албанија СХПК, е друштво со седиште во Албанија кое работи во живинарската индустрија и се занимава со производство и трговија на производи од пилешко месо.

Перутнина птуј Албанија СХПК не остварува приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**